**Куќен ред за корисниците на апартманите за опоравок**

**и рехабилитација на Мобилност Македонија во Охрид**

**1.-** Корисник на апартман или легло во објектите за опоравок и рехабилитација на Мобилност Македонија во Охрид може да биде член на матично здружение **самo со издаден документ-упатница** од страна на генералниот секретар на Мобилност Македонија.

**2.-** Секој корисник на апартманите треба да има коректен, културен и доличен однос спрема останатите корисници на апартманите, како и спрема соседите во зградите и пошироко во градот Охрид, притоа да се придржува кон куќниот ред и го чува редот, мирот и моралот за време на престојувањето, во попладневните часови, а особено по 22 часот се забранува гласна музика и висок тон на разговори, односно врева.

**3.-** Секој член корисник на апартманите должен е во целост да ги почитува одредбите од овој акт, како и другите акти-документи издадени од Мобилност Македонија, а се во врска со престојот на апартманите во Охрид, односно го регулираат времето и начинот на престојот во просториите на сојузот.

**4.-** Секој член-корисник задолжително со себе да носи документ за идентификација (лична карта), навлаки за перница и ќебето и чаршав за душекот, пешкири и кујнски крпи за одржување на приборот за исхрана и останатиот кујнски прибор и опрема.

**5.-** Секој корисник задолжително да носи прибор за одржување на личната хигиена и средства за одржување на општата хигиена во апартманите, а особено хигиената на апаратите за домаќинство, приборот за исхрана, санитарниот јазол и останатиот простор кој се користи.

**6.-** Секој член е должен да му пружи соодветна помош на друг наш член доколку му е потребна некаква помош, односно се најде во невоља, како на пример здравствен, ортопедско-технички проблем или било кој друг проблем настанат не по негова волја и вина.

**7.-** Секој член е должен веднаш да пријави до домаќинот, матичното здружение или Мобилност Македонија, било каков и да е настанат проблем, недостаток или опасност од елементарна, епидемиолошка или друга несакана последица по луѓето, инвентарот и воопшто по имотот на Мобилност Македонија.

**8.-** Се забранува задржување во доцните вечерни часови или ноќевање во апартманите на нелегални, непознати лица, пријатели или роднини на лицата кои претстојуваат во апартманите со легален документ од Мобилност Македонија.

**9.-** Секое задоцнето пристигнување или предвремено напуштање на апартманите, невршење на примопредавање меѓу корисниците со домаќинот, користењето на перниците, кебињата и душекот без постелнина, оставање на апартманот неисчистен за време на заминување, ќе биде строго санкционирано.

**10.-** Секое намерно оштетено, скршено или украдено средство, како и занатската услуга да се поправи опремата и инвентарот ќе бидат наплатени од здружението од кое е упатено лицето, а здружението со постапка ќе си ја наплати штетата од сторителот.

**11.-** Се забранува секакво преместување на куќниот инвентар од еден апартман во друг апартман.

**12.-** Најстрого се забранува внесување и престој на домашни миленици (кучиња, мачки, птици и др.) во апартманите.

**13.-** Секое непочитување на одредбите во куќниот ред ќе биде санкционирано со одалечување на членот од апартманите и забрана за нивно користење.

Мобилност Македонија,

Претседател

Бранимир Јовановски